# Презентација на обавена едукација од областа на мамографија и компјутерка томографија

***Назив на ЈЗУ :*** ***ЈЗУ Општа Болница Кичево***

***Назив на институција каде е одржана обуката (датум на обука, нпр. Септември – Октомври, 2013):*** ***Клинички Центар Војводина – Нови Сад, Клиника за радиологија***

***Име и презиме на лицето испратено на обука:*** ***Др. Красимира Божиновска***

***Датум на презентација:*** ***31.03.2014 г.***

# Едукација од областа на мамографија и компјутерка томографија

Во првите две недели од престојот во Клиничкиот Центар Војводина на клиниката за радиологија вршев едукација од областа на компјутерска томографија.

Третата и четвртата недела започнав со едукација од дијагностика на дојка .

# Заклучоци/Научени лекции

**Прва недела:** По пристигнувањето на 03.03.2014 во 09.00 часот во управата КЦ Војводина бевме распоредени од одговорниот соработник на Клиниките на кои требаше да започне нашата едукација.

На клиниката за радиологија бев примена од управникот на истата Проф. Др. Сања Стојановиќ. Бев запозната со колегите вработени на истата и ми беше објаснет нивниот начин на работа.

Секое утро во 08.00 часот имаше стручен состанок, на кој се дискутираше за некои случаи од претходниот ден и се презентираа плановите за работа за тековниот ден.

Мојата едукација најпрво започна со запознавање на протоколите за работа на компјутерската томографија.

Секоја посебна регија на телото бара посебен протокол на снимање, кој се надополнува во зависност од дијагнозата на пациентот потребите на клиничарот.

Вториот дел од денот ги поминував во интерпретирање на наодите од КТ.

**Втора недела :** Помина слично на првата со тоа што од колегите добив поголема стручна литература, делумно во класични учебници, повеќе во електронска форма.

Моето учество во интерпретација на наодите станува поголемо.

**Трета недела :** Започнав со едукација на дијагностика на дојки. Кај нив постојат редовни мамографски и ехотомографски прегледи кај жените, но и скрининг мамографски преглед.

Редовните прегледи се обавуваат како и во нашите институции. Пред секој преглед пациентките пополнуваат два вида на анкетни листови.

Едниот анкетен лист се однесува на пациентките што доаѓаат на редовен преглед, другиот за оние кои доаѓаат за скрининг.

-Скрининг на дојки во АП Војводина се спроведува кај жени над 40год.
-Скринингот се врши во КЦ Војводина, ЗД Зрењанин и ЗД Сента.
-Класификацијата на наодите е по **BI RADS**.

Сите жени кои се јавиле на скрининг преглед добиваат мислење-прво читање, па потоа одат на второ мислење- читање.

Ако добиениот наод покажува отстапување, не е ист при двете читања или се работи за наод идентичен и на двете читања но има вредност на **BI RADS 4a** или **б**, тогаш оди на трето мислење-читање. Ако и тогаш се констатира истиот наод, тогаш пациентката се повикува за понатамошни дополнителни испитувања.

Мојата задача при престојот беше да ги погледнам мамографиите и да направам прво или второ читање, но и по потреба и трето мислење.

Ми беше овозможено да вршам и ехо прегледи.

Присуствував и две биопсии на дојки кои кои ги извршија Др. Сања Стојанобиќ и Др. Викторија Ќириловиќ.

**Четврта недела:** И оваа недела имав среќа да учествувам во биопсија на дојка, кај жена дојдена за рутинска контрола со УЗ. Заради суспектноста на промената и беше предложена биопсија која пациентката ја прифати и истата беше направена од Др. Дијана Ниќифоровиќ.

Кон средината на неделата имаше и предавање од областа на болести на дојката „Како да се препознаат промените на дојка на МГнаод„ кое го изнесе Доц. Др. Драгана Богдановиќ – Стојановиќ која подолго време се занимава исклучиво со патологија на дојка во посебната болница во Сремска Каменица.

На крајот од таа недела имав можност и задоволство да присуствувам на интервенсија на црниот дроб со помош на УЗ и КТ на промени во интрахепатични жолчни патишта – ту промени кои вршеа притисок на истите. Оваа интервенција ја изведе Проф. Др. Сања Стојановиќ.

Последниот ден (28.03.2014 г.) ги добивме потврдите за завршена едукација.

*На крај би сакала да се заблагодарам на Министерството за здравство, министерот Г-дин Никола Тодоров, како и сите оние кои учествуваат во реализацијата на овој проект за можноста за професионална надградба и усовршување на знаењата од мојата специјалност.*

*Кичево, 31.03.2014 г.* *Со почит,*

*Др. Красимира Божиновска*